## Извештај за процесот на утврдување на интерниот капитал на банката

износи во 000 денари

| Реден број | Елементи од системот за управување со ризиците | Опис | Забелешка |
|---|---|---|---|
| *1* | *2* | *3* | *4* |
| 1 | Опис на процесот | Процесот на ПИК ги вклучува следните елементи засновани на локалната регулатива:<br>1. **Идентификација на ризици**: Во текот на процесот на идентификација, секој вид на ризик на кој банката е изложена во текот на временскиот хоризонт на ПИК е идентификуван. Идентификувањето на ризиците се спроведува на стратешко и оперативното ниво, земајќи ги во предвид новите производи и/или пазари во кои банката има намера да работи, како и службените Политики и Процедури на Банката.<br>Оваа проценка го следи структурниот пристап со јасно специфицирани чекори во нејзината апликација. Банката ги следи барањата на НБРСМ и преку усогласување со Таксономијата за Ризици, ЕБА и ЕЦБ упатствата на Pillar II да креира листа на материјално значајни типови на ризик.<br>Проценката на материјалноста на типот на ризик се спроведува врз основа на специфични квантитативни (на пр. Процентно ниво на изложеност на вкупната актива пондерирана на ризик) и квалитативни критериуми (на пр. Рамка на политики, процеси и системи за управување со ризик, организациска структура и улоги и одговорности на релевантни единици, воспоставување и следење на усогласеноста со границите). Сите ризици на кои Банката е изложена се дефинирани во Рамката за таксономија на ризици.<br>2. **Проценка и утврдување на параметрите на ризик**: Ова ги вклучува параметрите на ризик, како што се: Веројатност за неплаќање (PD), Загуба при ненаплата (LGD), итн. и создавање на алтернативни сценарија за стрес.<br>3. **Мерење на ризици и проценка на соодветноста на интерниот капитал**: Секој значаен вид на ризик се анализира и проценува врз основа на неговите специфични карактеристики, методолошкиот пристап што се користи за мерење на истиот и квалитативните карактеристики (политики, процедури, контролни механизми) што се применуваат во неговото управување.<br>Заедничка компонента на сите овие карактеристики е пристапот „интерен капитал", кој овозможува различни видови на ризици да бидат третирани под исти (и, според тоа, споредливи) услови, и исто така овозможува профилот на ризик на Банката да се изрази со единечна мерка, која е „вкупен интерен капитал". | |
| 2 | Материјални ризици и пристапи за мерење или оцена | Клучен аспект на ПИК, е утврдување на материјалните ризици во Банката. Резултатите на оценување на материјалноста влијаат на голем број аспекти на ПИК, вклучувајќи го неговиот делокруг, проценетите ризици, пресметка на интерниот капитал (тековните и предвидените) како и барањата од добиените податоци, опфатот на стрес тестирање итн.<br>Банката ги класифицира сите ризици како материјални и нематеријални.<br>Ризиците кои Банката ги идентификува како материјални ризици и за кои таа одредува ПИК може да се поделат во следниве четири групи:<br>1) Ризиците опфатени со методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот;<br>2) Ризици кои не се целосно опфатени со методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот;<br>3) Ризици кои воопшто не се опфатени со методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот;<br>4) Ризици од надворешната средина.<br>Ризиците се оценуваат и мерат со мноштво квантитативни пристапи и метрики. Сите материјални ризици, исто така, се оценуваат и од квалитативна гледна точка, фокусирајќи се на нивното управување и соодветна контролна рамка. Со тоа се надополнуваат квантификационите пристапи кои се користат.<br>Во однос на квантификација на ризикот согласно ПИК, фокусот на мерење на ризик е во однос на интерниот капитал. За проценка на адекватноста на капиталот, Банката во своите пресметки ги усвојува потребите од интерен капитал на период од две години. Интерниот капитал првично се мери според нивото на поединечни ризици во Банката. Потребите од интерен капитал исто така се сумираат преку ризиците.<br>- Секој ризик се оценува за материјалност на ниво на субјект со употреба на следниве критериуми:<br>• Влијание на ризикот врз регулаторниот капитал<br>• Влијание на ризикот врз интерниот капитал<br>• Пристап врз основа на експертско мислење | |
| | Кредитен ризик | За пресметка на потребниот интерен капитал за кредитен ризик, Банката има усвоено Регулаторен (или стандардизиран) пристап, според кој интерниот капитал треба да се утврдува со користење на регулаторниот пристап надополнет со соодветни експертски проценки. | |
| | Оперативен ризик | Оперативниот ризик е материјален ризик за Банката и за овој ризик потребно е да се пресметува интерен капитал. Регулаторниот пристап (стандардизираниот пристап) за пресметка на потребите од интерен капитал за оперативен ризик, вклучен во Одлуката за методологијата за утврдување на адекватност на капиталот. | |
| | Валутен ризик | Валутниот ризик, ризикот од загуба поради промена на девизните курсеви и/или промена на вредноста на денарот во однос на другите странски валути, е потенцијално материјален ризик за Банката и за овој ризик потребно е да се пресметува потребата од интерен капитал. Потребниот интерен капитал за валутен ризик се пресметува според регулаторниот пристап, опишан во Одлуката за методологијата за утврдување на адекватност на капиталот. | |
| | Ризик од концентрација | Иако Банката не се соочува со ризик од матерјална концентрација и во пракса се управува прудентно земајќи ги во предвид и строго имплементирајќи ги регулаторните и интерните лимити, сепак врз основа на целокупниот прудентен пристап на Банката и земајќи ги во предвид недостатоците на Pilar I за целите на ризик од кредитна концентрација, Банката усвојува дополнителни методологии (пристапи за ризик од кредитна концентрација) со цел да се процени потребата од интерен капитал за ризикот од кредитна концентрација. | |
| | Ризик од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности | Ризикот од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности (РПКСПБА) е потенцијално материјален ризик за Банката и за овој ризик потребно е да се пресметува интерен капитал. Банката применува "Конзервативно (flattening) сценарио" за пресметка на интерниот капитал за РПКСПБА. | |
| | Ризици од надворешното окружување | Ризикот од надворешното окружување е потенцијално материјален ризик за Банката и за овој ризик потребно е да се пресметува интерен капитал. За потребите на ПИК, Банката ја користи сценарио анализата преку пристап поттикнат од настан т.е. по специфично негативното сценарио преку пристап поттикнат од настан каде се земаат предвид главните претпоставки за макроекономското окружување кои ги одразуваат најновите глобални и интра државни економски движења и се засноваат на најновите проекции дадени од официјални извори како НБРСМ, МФ, ММФ итн | |
| 3 | Опис на стрес-тестирањето | Стрес тестирањето претставува клучна алатка како за општо управување со ризици, така и за целите на оценка на адекватноста на капиталот особено во ПИК, каде се разгледуваат и анализираат повеќе различни елементи на стрес тестот, од аспект на целите. При изработка на стрес тест, Банката ги зема предвид следните 3 клучни димензии:<br>• Цел, односно, кои фактори или параметри се предмет на стрес<br>• Пристап, односно, кој е методот на стрес тестирањето<br>• Влијание, односно, кои елементи се засегнати од резултатот од стрес тестот<br>Во изготвувањето на стрес тестот, Банката ги дефинира следните ризични фактори или параметри:<br>• Движењето на нефункционалните изложености односно дополнителната резервација - исправка на вредност (посебно за корпоративното портфолио и портфолиото на население);<br>• Дополнителна резервација како на функционалното, така и на нефункционалното портфолио;<br>• Ликвидносната позиција на Банката;<br>• Профитабилноста на Банката (нето каматните приходи, нето приходи од провизии, нето курсни разлики, нето приходи од тргување, останати приходи од дејноста).<br>Во однос со пристапот, се разликуваат стрес тестови со поединечен фактор или тестови на чувствителност и тестови со повеќе фактори или сценарија (Стрес тестови на чувствителност и Стрес тестови со сценарио).<br>Стрес тестовите на чувствителност се карактеризираат со користење на шокови, чиј извор<br>генерално не е одреден, врз клучните фактори или параметри на ризик за одредена категорија на ризик или портфолио.<br>Стрес тестовите со сценарио се карактеризираат од екстремен настан што негативно влијае врз различни фактори и параметри на ризик кои се од суштинско значење за активностите на Банката.<br>Стрес сценариото може да се прецизира било преку пристап како последица на настан или врз основа на портфолио.<br>За потребите на ПИК, Банката ја користи сценарио анализата преку пристап поттикнат од настан т.е. по специфично негативното сценарио преку пристап поттикнат од настан. | |
| 4 | Износ на вкупниот интерен капитал | Вкупниот интерен капитал за 2025 за Стопанска Банка е на износ од 13.977.748 илјади денари, од кои 10.334.577 се од регулаторниот пристап, додека 3.643.171 се од интерниот пристап. | |